Митко КОТОВЧЕВСКИ УДК: 355.40(496.5+498)(091)„1960/1990“

# ИСТОРИСКО-КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА РАЗУЗНАВАЧКО – БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИСТЕМИ НА АЛБАНИЈА И РОМАНИЈА ВО ЕРАТА НА КОМУНИЗМОТ

***Кратка содржина***

*Целта на презентиранатa студија е да се направи компаративна анализа на две идентични разузнавачки-безбедносни системи кои паралелно функционираа во Албанија и Романија во ерата на комунизмот. Во фокусот на истражувањето се двете најозогласени служби кои функционираа како класични тајни политички полиции, служби кои применуваа идентични крајно сурови методи – Сигурими и Секуритате.*

*И двете служби претставуваа ударни тупаници на двата најсурови тоталитарни комунистички режими во функција на спроведување на политиката на двата најголеми и најозогласени комунистички диктатори (надвор од границите на СССР) – Енвер Хоџа и Николае Чаушеску.*

*Нивната политика на креирање на „внатрешниот непријател“ и бескомпромисна борба со истите, од нивното владеење направи Сигурими и Секуритате да се трансформираат во „држава во држава“, да подивеат и да спроведуваат невидена тортура врз својот народ. Со нивната неконтролирана полициска и политичка моќ од своите држави успеаја да направат најголеми „логори“ во светот, така што секоја сличност за нивниот крај говори и за сличноста на нивниот „комунистички диктат“, но и обратно, за нивната омразеност од сопствениот народ.*

*Секоја сличност со албанскиот безбедносен модел за време на владеењето на албанскиот и романскиот комунистички диктатор се „случајни“, како што и случајно е идентичен и нивниот крај и крајот на нивните тајни полиции.*

***Клучни зборови:*** *ТАЈНА ПОЛИЦИЈА, КОМУНИСТИЧКИ СИСТЕМ, РАЗУЗНАВАЧКО-БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ, ТОТАЛИТАРИЗАМ, РЕПРЕСИВЕН АПАРАТ.*

## Историски развој на безбедносно-разузнавачкиот систем на Р. Албанија (1944–1991 година)

Привремената влада на Албанија во текот на јуни 1944 година, по примерот на југословенската ОЗНА, (во текот на II Светска војна

постоеше тесна соработка на политички и воен план помеѓу народноослободителното движење на Албанија и Југославија), ја формира Дирекцијата за народна одбрана (Drejtories Mbrojte populit–DMP). Оваа служба кон почетокот на 1945 година ја имаше следната организациска структура:

- **I одсек** – разузнавачка работа кон странство (првенствено спрема Грција и Италија);
- **II одсек** – внатрешна проблематика, од аспект на заштита на интересите на новата албанска држава (во која спаѓаше и борба против одметнатите групи, непријателските организации од редовите на „внатрешниот непријател" и сл.);
- **III одсек** – контраразузнавачка работа во Армијата;
- **IV одсек** – работи на картотеката, фототехника и архива и
- **V одсек** – контраразузнавачка работа на територијата.

Во суштина, нејзината функција беше фокусирана кон спртивставувањето на окупаторските и другите странски разузнавачки служби и спроведување на активностите против фашистичките сили и одметнатите непријателски групи кои ги загрозувале новоформираните органи на државната власт.

Кон средината на 1946 година се случува првата реорганизација на ДМП и промена на нејзиното име во Дирекција за државна безбедност (Drejtoria Sigurimit e Suterit). Новата служба попозната како Сигурими влегува во состав на Министерството за внатрешни работи, додека контраразузнувачката работа во Армијата се пренесува во надлежност на Политичката управа на Генералштабот на албанската армија.

Сигурими за релативно кратко време од нејзиното формирање ја стекна „славата" на една од најпознатите служби во светот според својата тоталитарност, репресивност и немилосрдност во справувањето со сите политички противници на режимот на еден од најголемите комунистички диктатори Енвер Хоџа.

Оваа озлогласена класична политичка полиција својата репутација ја стекна со примена на своите крајно сурови методи во справувањето со структурите на „внатрешниот непријател" внатре во Албанија, тогаш една од најизолираните земји во поновата светска историја. Сигурими имаше неограничена политичка и полициска моќ (држава во држава) и имаше одврзани раце од режимот на Енвер Хоџа да го контролира целокупниот општествен живот во Албанија на сите нивоа.

Во хиерархиска смисла, Сигурими беше надредена не само над другите државни органи и институции, туку и над сите партиски (комунистички) тела.

Во составот на Сигурими во 1989 година биле ангажирани околу 10 000 офицери од кои 2500 биле назначени на служба во Народната Армија на Албанија.

После Резолуцијата на Информбирото со кое беше погодена и Албанската комунистичка партија во 1948 година, попрецизно во 1949 година доаѓа до порадикална промена во структурите на албанскиот разузнавачко-безбедносен апарат со што уште повеќе зајакнува неговата позиција во општеството, се воспоставува уште повисок степен на централизација со висок степен на извршни овластување на органите за безбедност, посебно на тајната полиција. Со тоа отпочнува еден нов бран на тотално „подивување" на овие служби, а најголема жртва беше албанскиот народ и сите напредни и демократски сили во Албанија.

Во периодот на информбировската кампања против Југославија, беа направени големи чистки, посебно во државниот и партискиот апарат и армијата.

Во овие исценирани историски настани, (се случија и сериозни недоразбирања и вриења во КП на Албанија и во структурите на безбедносно разузнавачкиот апарат), најмногу настрада Министерството за внатрешни работи, поточно Службата за државна безбедност. Врз основа на одредбите на експресно донесениот „Закон за скратена постапка" беше ликвидиран поранешниот министер за внатрешни работи Кочо Дзозе и скоро целокупниот раководен состав на Сигурими. Во таа антијугословенска хистерија беа ликвидирани и сите албански комунисти кои и изразуваа поддршка на Југославија и на југословенските комунисти.

На „испразнетите" места во Службата беа доведени агенти на руската НКВД како и другите проверени кадри кои беа лојални на оваа служба и на советските интереси во тој мошне мрачен историски период за целиот комунистички свет во Европа кого Сталин се обидуваше да го стави под својот „комунистички диктат".

Овој период во голема мера им погодуваше на понатамошниот развој, јакнење и дивеење на Сигурими како одговор на зајакнатата кампања на западните (империјалистичките) држави и нивните разузнавачки служби, балистичката емиграција и „внатрешниот непријател" кои се обидуваа да организираат „народно востание" или да спроведуваат субверзивни и диверзантско-терористички активности насочени кон рушење на режимот на Енвер Хоџа.

Овие „антикомунистички и антирежимски причини" го профилираа ѕверскиот лик на Сигурими чие дејствување требаше да ја попречи контрареволуцијата, да го попречи рушењето на комунизмот во

Албанија, да ја ликвидира политичката и идеолошката опозиција и истата да ја потчини на комунистичкиот диктаторски режим во Албанија.

Сигурими беше тајната служба која сееше „страв и трепет" во албанското општество, во албанските домови, служба која со децении успешно ја спроведуваше изолацијата на албанскиот народ и држава-претворајќи ја цела Албанија во „херметички" изолиран логор во Европа и светот.

Со еден збор-Сигурими ќе се „трансформира" во „полиција, обвинителство и судство" во децениите кои ќе следат. Под нејзина надлежност беа и затворите и логорите (работните кампови) како и државната граница која никој не смееше да ја напушти или да влезе во неа без одобрение на Сигурими. Нејзините сурови методи и активности ги преминаа сите граници на дејствување во моментот кога речиси секој трет жител на Албанија беше испрашуван од страна на офицерите на Сигурими или беше испратен на отслужување на казна „превоспитување" во комунистичките кампови за обука.

Иако формално-правно во Албанија постоеја три безбедносно– разузнавачки организации, Сигурими во МВР и воената разузнавачка и контраразузнавачка служба во Министерството за народна одбрана, во суштина, во Албанија постоеше и се спроведуваше само „волјата" на Сигурими. Во овој контекст, вреди уште еднаш да потенцираме дека разузнавачките офицери во Албанската народна армија им беа потчинети на Сигурими. Исто така, Сигурими имаше и свои припадници во сите управи на МВР (за границата, за задницата, за гардата, за заштитата на стопанството итн.), така што целокупното Министерство беше преплавено со луѓето, духот и стравот на Сигурими.

Персоналот на Сигурими беше внимателно избиран, односно секој иден офицер на оваа служба морал да помине низ бројни, внимателно избрани политички, психолошки и безбедносни проверки. Нејзините офицери имаа статус на елита во државата и уживаа бројни привилегии, со цел да се одржи нивната посветеност кон партијата, а во тој контекст и кон службата и државата.

Во тој период во Албанија постоеше и категорија на т.н. „Припадници на Сигурими" – лица кои имаа специјални легитимации и овластувања да интервенираат како и органите на безбедноста. Овие лица не беа службеници на Дирекцијата за безбедност, туку овие активности ги извршуваа надвор од рамките на нивните професионални и работни функции.

Со оглед на крајно централизираниот и етатистички поредок во Албанија, Сигурими имаше исклучителни овластувања во поглед на воспоставување на режимот на безбедност, надвор од рамките на обвинителството, судството и правобранителството.

Структурата на Сигурими ја сочинуваа десет сектори (одделенија).

**Прво одделение**–задолжено за надворешна разузнавачка работа, односно за разузнавачки продори во странство, поделено во четири секции:

- **за Југославија (Првата секција беше водечка, најбројна, најофанзивна и најактивна која се потпираше на политичка емиграција од Косово и другите сепаратистички организации од СФРЈ),**
- **за Грција**
- **за западните земји и**
- **архива и картотека и досиеја на агентурните мрежи.**

**Второто одделение** – претставуваше класична политичка полиција, задолжено за следење на активностите на граѓанските партии, клерот и за други прашања во врска со внатрешните политички и севкупните општествени процеси во Албанија. Во западната литература ова одделение означено е како сектор за политичка контрола со цел да спроведува и мониторинг на идеолошката коректност на партиските членови. Овој сектор беше одговорен за прочистување на партијата, владата, војската и нивниот апарат за нивната „соработка" со Југославија, Кина и СССР, особено после прекинувањето на соработката од страна на Албанија со овие земји. Според определени политички извори, се проценува дека во Албанија биле ликвидирани 170 лица – членови на Политбирото или Централниот Комитет како резултат на истражните активности на Сигурими. Политичкиот сектор исто така беше вклучен во спроведувањето на континуираната обемна програма за снимање на телефонските разговори.

**Третото одделение** – за обезбедување на високите раководители[1] имаше задача контраразузнавачки да ја штити територијата на Албанија преку околиските организациони целини (вкупно 26) и да ги спроведува активностите околу заштитата на политичките и државните раководители. Тоа претставуваше специјално одделе-

[1] Во западната литература фигурира како Сектор за лична безбедност.

ние за заштита на шефот на државата и другите високи функционери во непосредна соработка со Дирекцијата на гардиските единици.

**Четвртото одделение** беше задолжено за водење на картотеката и архивата.

**Петтото одделение** извршуваше контраразузнавачка заштита од продорот на странските разузнавачки служби.[2] Ова одделение според сознанијата на нашите служби од тоа време егзистираше како Одделение за државна безбедност задолжено за остварување на сите контраразузнавачки работи, евидентирање на непријателската дејност и вршење контрола врз политичкото расположение во земјата. Во соработка со Дирекцијата на разузнавачката служба организираше и спроведуваше акти на субверзија во другите земји, посебно во соседните држави, како и активности за следење и евидентирање на дејноста на албанската емиграција во странство.

**Шестото одделение** се занимаваше со обезбедување на највисоките државни и партиски раководители и со контрола на сообраќајот.

**Седмото одделение** беше задолжено за истраги.

**Осмото одделение** беше задолжено за следење и цензура на поштата (сектор за цензура) или уште попрецизно – **Одделение за цензура на поштата и ПТТ сообраќајот**. Ова одделение делуваше како јавна установа бидејќи во тоа време во Албанија цензурата беше дозволена без законски ограничувања. Ова одделение безобѕирно вршеше тотална цензура над приватната и другата коресподенција на граѓаните. Во Тирана постоеше посебна институција која го контролираше целокупниот телефонски и телеграфски сообраќај во земјата и сите врски со другите држави. Според сознанијата на западните служби, овој Сектор за цензура оперираше во делот на медиумите: печатени, електронски и радиоемитувачки. Овој сектор, според нивните сознанија делуваше во сферата на културата, училиштата и другите организации во општеството.

**Деветто одделение** – задолжено за водење на персонална политика и

**Десетто одделение** – задолжено за контрола на логорите и затворите (затвореничките кампови). Ова одделение непосредно раководеше со управите на логорите и камповите, спроведуваше истраж-

---

[2] Во западната литература познат како Сектор за контрашпионажа, насочен кон неутрализирање на странските разузнавачки операции во Албанија, како и за домашните активности насочени против власта.

ни постапки, а во соработка со Одделението за државна безбедност и органите на Дирекцијата на разузнавачката служба спроведуваше разновидни разузнавачки и контраразузнавачки акции и комбинации. Преку него се спроведуваше „превоспитувањето" на граѓаните и нивното „преоценување" дали тие и понатаму претставуваат закана за безбедноста на државата или таа „опасност" исчезнала. Преку локалната полиција се обезбедуваа чувари за 14 преполни затворенички кампови лоцирани на територијата на Албанија.

Според определени сознанија во рамките на Сигурими функционираше и **Сектор (одделение) за државни податоци** со задачи да ги контролира и да управува со владините документи и со податоците од државната статистика, особено со статистичките показатели од економска, социјална и демографска природа (посебно прикривајќи ги податоците за бројот на националните малцинства што живееја во Албанија – македонското, српското, грчкото и други).

Исто така, во Сигурими функционираше и **Одделение за врски и услуги** на странските дипломатски претставништва што претставуваше специфика, односно чудно и оригинално албанско решение во оваа област. Оваа функција која во нормални услови ја обавува протоколот на министерството за надворешни работи, во ниту еден случај не е во надлежност на министерството за внатрешни работи.

Работата на Сигурими по околиите беше организирана врз линиски и територијален принцип (линиски и срески центри). Со спојување на полномоштвата на Сигурими и одделенијата за внатрешни работи на ниво на околии во „ДЕГЕ" (одделение за внатршни работи) на чело со началник (долгогодишниот шеф на Сигурими), моќта на Сигурими и нејзиното дивеење порасна до невидени размери и крајности.

Во суштина, целокупниот разузнавачко-безбедносен систем на Албанија беше централизиран и тотално концентриран во рамките на внатрешните работи. Во тој контекст, дури и воените служби претставуваа деташирани органи на Министерството за внатрешни работи.

Покрај Сигурими – Дирекцијата за државна безбедност, разузнавачко–безбедносниот систем на Албанија го сочинуваа следните служби / институции:

- **Дирекцијата на разузнавачката служба;**
- **Дирекцијата на полицијата (јавна безбедност);**
- **Дирекцијата на граничната служба и**
- **Дирекцијата на гардиските единици.**

**Дирекција на разузнавачката служба (ZBULJ)**

**Дирекцијата на разузнавачката служба** беше задолжена за спроведување на целокупната разузнавачка дејност за потребите на албанска влада и највисоките државни институции и Генералштабот во духот на одлуките на ЦК на Албанската партија на трудот. Во тој контекст, ЗБУЉ имаше комплексни овластувања неопходни за планирање, организирање, прибирање, анализа и проценување на разузнавачките податоци и сознанија од политичка, економска и воена природа поврзани со странските држави. Исто така, оваа служба беше задолжена да организира и изведува субверзивни акции во другите држави со непосредна соработка со други дирекции, посебно со офанзивните структури на Сигурими. Обемот на разузнавачки активности на ЗБУЉ беше многу голем и ги опфаќаше сите дејности поврзани со странските држави од посебен интерес за албанската надворешна политика.

**Централата на Дирекцијата** беше организирана во одделенија или управи. Во нејзиниот состав посебно се истакнуваа оперативното и аналитичкото одделение. Работите беа поделени по реферати за пооделни држави кои се наоѓаа во фокусот на разузнавачкиот интерес на албанската политика. Значајно е да се потенцира и големата и тесна соработка и поделба на работите помеѓу ЗБУЉ и Првото одделение на Сигурими во нивните офанзивни настапи спрема другите држави.

Дирекцијата на разузнавачката служба имаше свои пунктови или центри во структурите на соодветните државни институции, вклучувајќи го и Министерството за одбрана. Исто така, оваа служба располагаше и со определен број на разузнавачки центри во граничните зони за делување во странство.

**Разузнавачкиот центар во Министерството за надворешни работи** се наоѓаше во составот на протоколот на ова министерство и се ангажираше околу прибирањето и анализата на разузнавачките информации од политички карактер, значајни за соседните и другите држави. Неговите оперативци првенствено се наоѓаа на работа во составот на дипломатските и конзуларните претставништва на Албанија. Нивната активност беше насочена кон создавање на агентурна мрежа во соседните држави, но и пошироко, насекаде каде што живееше албанската емиграција, како и во државите во кои живееше албанското малцинство. Преку овие центри, службата вршеше интензивен агентурен и политички продор, првенствено во претходно потенцираните средини.

**Разузнавачки центар во Министерството за трговија**, исто така, делуваше под покритие на неговиот протокол. Неговата основна функција беше прибирање на податоци од економската сфера во мирновременски услови, но и за потенцијалите на воената економија во пооделни држави од посебен интерес за Албанија. Неговите оперативци најчесто беа инфилтрирани во разните трговски и други стопански претставништва кои функционираа во странство. Исто така, тие беа и редовни членови во разни стопански делегации со што создаваа солидни предуслови за разузнавачки опфат во економската сфера надвор од границите на Албанија, проучувајќи ги состојбите на економиите во државите од посебен безбедносен интерес за државата.

**Разузнавачкиот центар на Министерството за сообраќај,** дејствуваше во Одделението за меѓународен сообраќај. За разузнавачките потреби се користеа можностите за транзитирање преку државите. Во тие рамки, нивните оперативци мошне често се ангажираа под плаштот на персоналот на разни транспортни претпријатија, кои патуваа во други држави. За таа цел, преку претпријатието „Transsqip" често пати патуваа претставниците на органите на разузнавачките служби, органите за безбедност и органите на полицијата. Во извршувањето на разузнавачките работи, најчесто од двајцата возачи на меѓународни релации, еден неминовно беше претставник на некоја од овие служби.

**Разузнавачки центар во трговската флота** беше во функција на редовно и активно следење на состојбата во поморскиот сектор на Албанија и на другите држави со кои Албанија имаше поморско-трговски врски. Персоналот на овој центар најчесто беше инфилтриран под маската на „офицер" на флотата или службеник во разни поморски преставништва во земјата и странство.

**Разузнавачки пункт во туристичко претпријатие „Албтурист"**. Овој пункт можеме да го презентираме како единствен и мошне специфичен разузнавачки орган кои се занимаваше со разузнавачката дејност на научноистражувачката област преку непосредно ангажирање на универзитетски персонал, првенствено на оние универзитетски центри и професори кои имаа воспоставено соработка со сличните институции во странство. Паралелно со овие задолженија, оваа испостава имаше и определена безбедносно-полициска улога, односно спроведуваше контрола над идејната и политичка дејност на универзитетот (идеолошките застрнувања на универзитетските професори и соработници).

**Погранични разузнавачки центри** беа формирани во рамките на одделенијата за внатрешни работи, лоцирани во околиските седишта во пограничната зона – Скадар, Кукс, Пешкопеја и Подградец спрема тогашната СФРЈ. Спрема Грција, нивните седишта беа лоцирани во Корча, Ерсека, Ѓирокастро и Саранда. Нивната основна функција беше спроведување на разузнавачка дејност преку граница и тоа:

- извршување на разузнавачка обработка на тактичките правци кои од соседните земји водат кон територијата на Албанија;
- подготвување, уфрлување и инсталирање на агентура преку државната граница заради остварување на разузнавачка и пропагандна дејност;
- создавање на агентура во соседните држави, посебно во деловите каде што живееше албанско население;
- подготвување на диверзанти и терористи кои во дадени услови се уфрлуваа преку границите на соседните држави.

Овие центри имаа задолжителна дирекна соработка со органите на Сигурими и со граничните органи, односно со старешините на граничните единици сконцентрирани во тие зони.

## Разузнавачка служба на Албанската армија

Во структурата на ВС на Албанија покрај трите основни видови беше формирана и Територијална одбрана (идентичен концепт по примерот на СФРЈ) со чии сили раководеше министерот за одбрана преку Генералштабот на Албанската армија. Овие сили беа познати како „Доброволни сили на одбраната".

Разузнавачката служба на Албанската армија која незванично се третираше како „Дирекција на воено-разузнавачката служба", во суштина – de facto претставуваше детеширан орган на Дирекцијата на разузнавачката служба при Министерството за внатрешни работи.

Оваа служба се наоѓаше во рамките на Генералштабот со основна задача спроведување на воеоразузнавачките работи за потребите на ВС на Албанија (II **Управа на Генералштабот на Албанската народна армија**).

Организационата поставеност на военоразузнавачката служба според определени анализи се состоеше од Дирекција, односно управа во Генералштабот која во својот состав ги обединуваше следните одделенија:

- **оперативно одделение;**
- **одделение за трупно извидување;**
- **одделение за радио-извидување и декриптирање ;**
- **аналитичко одделение и**
- **секретаријат.**

Управата за воено-разузнавачката служба непосредно беше поврзана со Дирекцијата на разузнавачката служба и со Првото одделение на Сигурими.

Во зависност од потребите, од нејзиниот состав се определуваа кадри за воената дипломатија, како и за работа на пограничните разузнавачки центри (покривање на воената проблематика).

Исто така, под раководство на нејзините органи се спроведуваше и извидувачката дејност (по линија на командувањето).

Во единицата на Албанската армија делуваа разузнавачки одделенија (во ВВ и ПВО, ВМ и во командите на корпусите на КоВ). Во бригадите беа формирани одсеци, додека во баталјоните делуваа разузнавачки офицери. Во рамките на Генералштабот функционираше Радио–извидувачки центар од полустационарен тип, додека останатите извидувачки сили се наоѓаа во видовите на ВС на Албанија (во ранг на баталјони, чети и водови за извидување), а во ВВ и ПВО имаше одделение на извидувачката авијација.

**Контраразузнавачката служба во Албанската народна армија** во суштина претставуваше деташиран орган на Дирекцијата за државна безбедност при МВР на Албанија. Контраразузнавачката служба дејствуваше во единиците на ВС надвор од военото командување, а исто така, нејзините кадри се поставуваа независно од поставеноста на нејзините воени структури.

Во рамките на Министерството за одбрана делуваше „Дирекцијата на контраразузнавачката служба". Нејзината основна функција беше спроведување на контролата и превземање мерки заради попречување на непријателската дејност во сферата на одбраната и одржување на режимот на безбедноста во овој значаен сегмент на режимот на Енвер Хоџа.

Нејзината организациона поставеност беше идентична со организацијата на Воената-разузнавачка служба во видовите и родовите на ВС. Во ВС на Албанија беше воведена и функцијата „овластен припадник на Сигурими". Овластувањата од овој вид добиваа само определени старешини со партиски и политички должности (најлојалните патриски „војници") како што беа комесарите, нивните заменици, секратарите на партиските организации во Армијата, младинските раководители и други партиски кадри.

Воената полиција претставуваше типичен наменски извршен орган на контраразузнавачките служби. За таа цел, и управувањето со нејзините сили се спроведуваше преку органите на контраразузнавачките служби.

Воената полиција покрај спроведувањето на полициските мерки во вооружените сили, беше задолжена и за обезбедувањето на воените команди и старешините. Исто така, нејзините сили се обучуваа за водење борба со уфрлени непријателски диверзантско–терористички групи и други непријателски сили.

### Дирекција за јавна безбедност – полиција

Дирекцијата за јавна безбедност во Албанија беше надлежна за реализација на криминалистичките и сообраќајните работи. Полицијата беше организирана во полициски станици кои се наоѓаа во околиите или на повисоко ниво во рамките на општините. Секоја полициска станица беше поврзана со Дирекцијата, додека директно им беше потчинета на началниците на одделенијата за внатрешни работи во околиите.

Карактеристично е да се потенцира дека во тоа време на функционирање на класична полициска држава, во Албанија беа формирани и т.н. „доброволни групи на граѓани за помош на полицијата"–ново „оригинално безбедносно решение" на тогашниот албански систем на стравовлада. Во овие групи најчесто беа регрутирани лојални, посветени и проверени граѓани кои покрај редовната полиција извршуваа разни видови обезбедување, контрола и надгледување во населените места и на значајните комуникации. Тие своите активности ги спроведуваа според однапред утврдени планови во хиерархиска спрега со командирите на полициските станици.

### Дирекција на граничните единици

Основната задача на Дирекцијата на граничните единици беше обезбедувањето на државната граница на Албанија. Граничните единици (формирани во ранг на бригада и самостојни баталјони) беа потчинети на министерот за внатрешни работи кој со нив командуваше преку Дирекцијата на граничните единици.

Во составот на Дирекцијата на граничните единици се наоѓаа деташирани органи во ранг на одделенија-разузнавачко одделение на

Дирекцијата на разузнавачката служба како и деташирано одделение на неприкосновената служба на Сигурими.

Покрај спроведувањето на нивната основна функција, овие сили беа задолжени и за спроведување на контролата во пограничните зони. Исто така, тие во своето работење имаа непосредна соработка и со полициските станици. На секој граничен премин тие организираа пункт за контрола во чиј состав беше вклучен и командирот на граничната единица задолжен за таа зона. Овие пунктови спроведуваа и разузнавачка работа во соседните држави, така што во исто време претставуваа и истурени разузнавачки пунктови со однапред дефинирани разузнавачки задачи (прифаќање на лица од странство – потенцијални и врбувани агенти, примање на итни извештаи од агентурата, контрола на патниците и слично).

## Дирекција на гардиските единици

Дирекцијата на гардиските единици служи за раководење со гардиската бригада која е потчинета на министерот за внатрешни работи. Гардиската бригада беше задолжена за воено обезбедување на високите раководители и јавни згради /објекти/ од посебен државен интерес (Владата, Собранието и ЦК на Албанската партија на трудот). Исто така, и оваа Дирекција при извршувањето на своите активности поврзани со обезбедувањето координираше и соработуваше со другите безбедносни служби–на прв план со Сигурими.

Наместо **заклучок** можеме да констатираме дека разузнавачко-безбедносниот систем на Албанија за време на диктаторското владеење на режимот на Енвер Хоџа претставуваше најофанзивен и најбезобзирен репресивен апарат целосно ставен во функција на режимот на Енвер Хоџа и на неговата изолационистичка политика и тоталитарно владеење.

Албанската разузнавачка служба во пооделни периоди (1948–1954 и 1956–1961 година) мошне активно се занимаваше со подготвување и уфрлување на вооружени диверзантски групи на територијата на поранешна СФРЈ, со цел изведување на разновидни непријателски офанзивни активности.

Според сите активности, тоа беше најрепресивната служба што делуваше против поранешна СФРЈ, а во тој контекст и против Р. Македонија до првата половина на шеесеттите години на минатиот век. Исто така, албанските служби мошне активно се занимаваа и

со организирање на илегални организации на Косово и Македонија, првенствено врз сепаратистичка и шовинистичко–иредентистичка политичка платформа, организирање на насилни националистички демонстрации во Косово и Македонија со широка поддршка на младата студентска популација на Универзитетот во Приштина.

Исто така, овој систем Албанија ја направи класична полициска држава во која секој секого го прислушуваше и шпионираше – крајно репресивен апарат со кој безмилосно се кршеа сите основни човекови слободи и права и сите прогресивни и демократски процеси. На крај, со сигурност можеме да констатираме дека Сигурими како синоним на овој систем претставуваше една од најтоталитарните и најрепресивните разузнавачко-безбедносни служби во светот, се до промената на власта во Албанија во 1991 година.

## Историски развој на разузнавачко–безбедносната заедница на Романија во периодот на комунизмот (1945–1989 год.)

После Втората светска војна и воспоставувањето на комунистичкиот систем во Романија која беше на страната на Силите на оската, еден од првите чекори на новата власт беше тотална реорганизација и трансформација на разузнавачко-безбедносниот систем воспоставен уште во периодот на Кралството Романија.

На почетокот беше формирана **Информативната служба на ЦК КП Романија** (под влијание на владеачките комунистички структури) и **Тајната информативна служба (Servicivil Secret Informativ–SSI).**

Со следната реорганизација остварена во 1950 година беше воспоставен разузнавачко-безбедносниот систем на социјалистичка Романија кој беше целосно заокружен на 19 април 1972 година со усвојувањето на Декретот за делување и организација на Министерството за внатрешни работи. Овој модел на разузнавачко–безбедносниот систем функционираше се до падот на озлогласениот режим на комунистичкиот диктатор Николае Чаушеску.

Според овој Декрет, во Министерството за внатрешни работи функционираа повеќе директорати на национално ниво:

- **Директорат за милиција и Директорат за групна безбедност**. Силите за безбедност директно беа одговорни пред Генералниот секретар на Партијата на комунистите на Романија (на тој начин се обезбедуваше доминантно влијание на партијата во сите сфери на општествениот живот, а во тој контекст и во безбедносните структури);

- **Директорат за осуденици** (контрола на затворскиот систем);[3]
- **Национална комисија за визи и пасоши;**
- **Противпожарен директорат;**
- **Директорат за државната архива и**
- **Служба за државна безбедност.**

До падот на комунизмот во Романија (декември 1989 година), разузнавачко-безбедносниот систем на Романија го сочинуваа и следните служби/дирекции/управи.

1. **Генерална дирекција на службата за државна безбедност при МВР – Секуритате**
2. **Служба за надворешно разузнавање (DIE) и**
3. **Воено-разузнавачка управа при Генералштабот на вооружените сили (DIA)**

## Служба за државна безбедност – Секуритате

Секуритате како уште еден нов оригинален комунистички изум и модел на тајните служби во служба на „диктатурата на пролетеријатот" кои неминовно се преобразуваат во служби за „диктатура над пролетеријатот", претставуваат мошне „интересна" служба за анализа и за компарирање со нејзината комунистичка „прва братучетка" Сигурими.[4]

Секуритате во суштина претставуваше атипичен спој (симбиоза) на контраразузнавачката служба за политичка и воена безбедност и тајна политичка полиција. Приоритет во нејзиното делување претставуваше одржување на внатрешната безбедност и заштита на режимот на Чаушеску од „внатрешниот непријател" и класните-идеолошки противници и други непријателски контрареволуционерни сили. Секуритате беше задолжена за крваво справување и попречување на сите немири, нереди и други активности на различните дисидентски групи и таква остана до последните секунди од животот на претседателскиот комунистички брачен пар Чаушеску.

Оваа служба еден период дејствуваше како посебно Министерство за државна безбедност, но подоцна беше вратена во составот на Министерството за внатрешни работи што повторно говори за нејзината огромна моќ и влијание во романското општество.

---

[3] Забелешка: Секоја сличност со албанскиот модел за време на владеењето со албанскиот комунистички диктатор Енвер Хоџа е „случајна".

[4] Забелешка: Секоја случајност со нивното име, организациона поставеност, озогласени методи на работа, но и секоја случајност со нивниот КРАЈ е „случајна".

Според определени податоци кои датираат од 1989 година, во рамките на Централата на Секуритате дејствуваа шест дирекции:

- **Дирекција за истражување** – задолжена за т.н. внатрешен непријател.[5] Имаше разгранета мрежа на агентурни позиции во највисоките структури на Партијата и државата. Исто така, нејзините оперативци и соработници беа инфилтрирани во сите јавни служби, помеѓу граѓаните и во нивните семејства. Во нејзиниот делокруг на работење спаѓаа и најозогласените активности на тајна политичка полиција која не бираше методи, средства и сили за целосно кршење на граѓаните кои се „спротивставуваа“ на актуелниот режим. За целосно „комплетирање“ на нејзината стравопочит, тајни активности и митот за служба која „се гледа и се знае“, Дирекцијата непосредно соработуваше со Дирекцијата за надзор и Дирекцијата за цензура на поштата.
- **Прва – општа дирекција за технички прашања** – задолжена за надгледување на сите телефонски и телеграфски врски во земјата и во странство и примена на оперативна техника за прислушкување, со цел да се оствари целосен продор во „работењето“ на јавните установи и контрола на луѓето – продор во најскриените тајни на нивниот живот и работа.
- **Дирекција за контрашпионажа (Втора дирекција)** – раководеше со набљудувањето и следењето на странците, со посебен акцент на советските државјани, спречувајќи ги нивните контакти со романските граѓани, но и овие „игри“ треба да се анализираат со резерва имајќи го „посебниот статус“ на Романија во рамките на источниот блок.
- **Четвртата дирекција** беше задолжена за контраразузнавачка работа и контрашпионажа во рамките на ВС на Романија, со цел заштита на единиците и припадниците на ВС од продори и влијанија на странските разузнавачки служби.
- **Петта дирекција** – задолжена за прибирање на безбедносно – интересни податоци и сознанија за раководните партиски и државни кадри, но и за нивна физичка заштита само ако евентуално не бидат ставени на списокот за партиска или физичка ликвидација.
- **Дирекција за внатрешна безбедност** – со основна задача да врши откривање и документирање на сознанијата за лица-

[5] Забелешка: Сите тајни комунистички полиции измислуваа непријатели и таму каде што ги немаше, со единствена цел населението да го држат во страв и неизвесност.

та кои се нелојални и незадоволни од системот на владеење на Чаушевску и на неговиот модел на комунизам. Во овој контекст, на прв план /први на листата за опсервација/ беа ставени вработените во Министерскиот совет, ЦК на КП на Романија, но и на самиот Секуритате. Исто така, оваа дирекција ги контролираше и високо–рангираните полициски и дипломатски кадри, така што во суштина таа претставуваше мала служба за безбедност во рамките на службата („служба во служба"), односно служба во рамките на службата, која во рамките на државата претставуваше „држава во држава". Оваа „мала служба" имаше „сопствени потенцијали за надгледување и цензура на поштата, електронско следење и прислушкување".

За својата работа Секуритате непосредно „одговараше" пред Комисијата за безбедност на ЦК КПР или попрецизно, одговараше само пред својот Водач.

**Служба за надворешно разузнавање (DIE)**

Службата за надворешно разузнавање на Романија функционираше во рамките на Министерството за надворешни работи како главна разузнавачка служба. Беше основана кон крајот на 1950 година со помош на советските служби (првенствено со војните разузнавачки структури на СССР). Своите припадници ги испраќаше на разузнавачки курсеви во школите на КГБ се до 1964 година кога во рамките на ДИЕ беше формиран Центар за обука. „Духот" на КГБ сепак долго време ќе биде присутен во романските служби и во службите на останатите комунистички држави.

ДИЕ непосредно соработуваше со Секуритате и другите структури на МВР како и со Главниот штаб на директоратот за воено–разузнавачката управа – ДИА.

Службата за надворешно разузнавање – ДИЕ беше организирана во повеќе директорати, служби и бригаде како што беа:

**Директорат за операции** – задолжен за координирање и раководење со разузнавачките и другите тајни активности во странство поврзани со прибирањето на разузнавачки информации првенствено од политички, економски и технички карактер.

**Бригада „СД"** – одговорна за раководење со научно–технолошката шпионажа, посебно во сферата на достигнувањата во воената индустрија. Своите сознанија за новите научни достигнувања на За-

падот и на нивните современи технологии, (во рамките на разузнавачката соработка на блоковски план) им ги отстапуваше и на службите на СССР.

**Имиграциона бригаде (Бригада „ЕМИГРЕ")** дејствуваше во рамките на Дирекцијата за операции. Нејзините структури беа задолжени за разузнавачки продори во редовите на романската емиграција и романските дисиденти (првенствено во западните земји) со цел остварување контрола врз нивните активности. Во тоа време од оваа служба беа ликвидирани и тројца директори по потекло од Романија кои работеа во „Радио Слободна Европа".

**Служба „Д"** задолжена за извршување на тајни операции, вклучувајќи и психолошко-пропагандни дејства за промоција на нејзината надворешна политика. Нивните дезинформации и фалсификати беа во функција на креирање на западното јавно мислење во правец на оддавање признание на нејзината „независна политика" од СССР и Варшавскиот договор. На овој план, во определени фази постигнуваше и определени ефекти, но со ограничени дострели и на ограничен рок.

**Службата „З"**–задолжена за одржување на врски со меѓународните криминални организации (шверц на вештачки дијаманти и дрога за остварување на огромни профити за режимот на Чаушевску), терористички организации и герилски движења во светот.

**Директорат за технички прашања** – претставуваше специјално одделение на ДИЕ задолжено за набавка на современа шпионска опрема. Во негова надлежност беше и опремувањето на романските камиони (на фирмите за меѓународен транспорт) за реализација на определени шпионски активности и операции во Западна Европа, во СФРЈ и други држави.

**Центар за шифрирани комуникации** – со основна функција заштита на владините комуникации од западните и советските разузнавачки електронски и сигнални продори.

После крвавиот пад на режимот на Чаушеску (дел од припадниците на овие служби за последен пат пукаа во сопствениот народ за време на крвавите настани во Букурешт), одделни служби беа целосно укинати, додека некој од нив беа реорганизирани, со што отпочна новиот процес за формирање на новиот разузнавачко–безбедносен систем на Романија.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачкоска*)

# ЛИТЕРАТУРА

Ѓорѓевиќ, О., (1985), „Основи државне безбедности“ (Општи део), Виша школа унутрашњих послова, Београд.

Котовчевски, М., (1999), „Тајни служби“, Македонска цивилизација, Скопје.

Котовчевски, М., (2001), „Современи разузнавачки служби“, Македонска цивилизација, Скопје.

Милошевиќ, М., (2001), „Систем државне безбедности“, Полицијска академија, Београд, 2001.

Ministry of Interior, Internet 07/05/2002, www.fas.org/irp/world/Romania/index.html.

Law No. 1/1998 on the Organization and Functioning of the Foreign Intelligence service, The Parliament of Romania, The House of Deputies, The Senate, Bucharest: Monitorial Official, Part 1, No. 7. January 12, 1998. Charter 1: General Provision, Article 1.

Indépendant Operative Service (SIO), www.fas.org/irp/world.romania/sio.htm.

Mitko KOTOVCEVSKI

# HISTORICAL-COMPARATIVE ANALYSIS OF INTELLIGENCE-SECURITY COMMUNITIES OF ALBANIA AND ROMANIA IN THE ERA OF COMMUNISM

## Summary

*The purpose of this study is to compose comparative analysis of two identical intelligence-security systems that were functioning in Albania and Romania in the era of communism. In the focus of this research are two most malicious services, which operated as classical secret political police, services that used identical crude methods-Sigurimi and Securitate.*

*Both services represent blast fist of the most repressive totalitarian communist regimes in the role of realization of politics of both greatest and malicious communist dictators (out of borders of SSSR)-Enver Hoga and Nikolae Causesku.*

*Their politics of creation of "internal enemy" and uncompromised struggle with the same, from their domination, made Sigurimi and Securitate to transform in "state in state", to become wild and to realize unseen torture upon own nation. With their uncontrolled policies and politics power they made from their states to create the largest "camps" in the world. Every similarity for their end also tells for match of there "communist dictate", but on the contrary, for theirs hate from own people.*

*Every similarity with Albanian security model in the time of ruling of Albanian and Romanian communist dictator is "random", as random as is identical their end and ending of their secret polices.*

***Keywords:*** *SECRET POLICE, COMMUNIST SYSTEM, INTELLIGENCE-SECURITY COMMUNITY, TOTALITARISM, REPRESSIVE APPARATUS.*